РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРУШЕВО
09-470/2
13.04.2018 год.
КРУШЕВО

Општина
КРУШЕВО

**Градоначалник**

Согласно на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), Градоначалникот на Општина Крушево го издава сдедното :

# С О О П Ш Т Е Н И Е

СЕ ИЗВЕСТУВААТ сите заинтересирани физички и правни лица на Општина Крушево дека Градоначалникот на Општина Крушево распишува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**За доставување на иницијативи за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Крушево за 2018 година**

Сите заинтересирани правни и физички лица во текот на јавниот повик може да достават Иницијатива за изработка и донесување на урбанистички планови од членот 7 став (1) точка 2 алинеја 2,3 и 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16).

Предмет на иницијативите може да биде донесување на нов Урбанистички план или изменување и дополнување на постоечки Урбанистички план со образложение за бараната измена и предлог на плански опфат од подносителот на иницијативата.

Заинтересираните правни и физички лица иницијативите да ги достават во писмена форма преку архивата на Општина Крушево или во електронска форма преку информацискиот систем е- уебанизам.

За доставените иницијативи подносителите ќе бидат информирани во писмена форма или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам во рок од 15 дена од истекот на рокот за поднесување на иницијативите.

Јавниот повик ќе биде објавен на интернет страната на Општина Крушево, www. krusevo.gov.mk, на огласна табла во општината, во информацискиот систем е-урбанизам, во службеното гласило на општината, во дневен весник на македонски јазик и дневен весник на албански јазик.

Средствата за прифатените иницијативи за изготвување на потребната документација треба да ги обезбедат подносителите на иницијативите – правни или физички лица.

Јавниот повик ќе трае 33 дена во период од 17.04.2018 до 19.05.2018год.

Број 09-470/2
13.04.2018г. Крушево

*ОпштинаКрушево*
***ГРАДОНАЧАЛНИК***
***м-р Томе Христоски***

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРУШЕВО